Почитувани родители,

Ве известуваме дека се планира отварање на градинките во наредниот период и затоа сметаме дека е потребно да Ви се обратиме и да Ве замолиме сите добро размислите дали Вашето и наше дете мора да ја посетува градинката во периодот на пандемија затоа што по првичните анализи и информации добиени од Ваша страна преку вибер групите се пријавија 156 дечиња од матичниот објект, а од објектот Виножито 42 дечиња, што во голема мера е над бројот на деца што можат да се згрижат во градинката, т.е. во матичниот објект каде според протоколите и просторните услови можат да се згрижат само 108 деца, односно 18 деца на возраст до 2 години и 90 деца на возраст од 2 до 6 години, а во објектот Виножито можат да се згрижат околу 36 дечиња. Токму поради тоа Ве замолуваме сите што можат на друг начин да го згрижат своето дете (преку чување од баба, дедо, работа од дома на еден од родителите и слично) истото да го сторат, а во градинка да се згрижат само дечињата за кои родителите навистина немаат друг начин да го обезбедат нивното згрижување.

Поради точно и прецизно утврдување на бројот на деца чии родители имаат неопходна потреба за згрижување на нивното дете во градинка потребно е истите да донесат потврда од работодавачот дека нивната работа мора да ја извршуваат на самото работно место со нивно физичко присуство и тоа од двајцата родители. Во потврдата да се наведе име, презиме и ЕМБГ на родителот, име, презиме и возраст на детето, како и податоци за работодавачот т.е. фирмата, установата, здружение и слично. **Овие потврди да се достават во управата на градинката најдоцна до 17.08.2020 година од 8:30 до 11:30 часот.**

Исто така Ве информираме дека во градинката се обезбедени сите потребни средства и превземени сите потребни мерки за безбедно згрижување на децата според Протоколите за детските градинки.

Доколку сакате да се информирате за протоколите за работа на градинките посетете ја нашата веб страна www.raspeanamladost.mk, каде во најскоро време ќе бидат истакнати протоколите.

Тел. за контакт: 071 383 786 ОДГ„РАСПЕАНА МЛАДОСТ“